

ИЗДАНИЕ БР.26, МЕСЕЦ
ОКТОМВРИ И НОЕМВРИ 2020

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ВРШИ ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА СИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ ВО ГРАДОТ.



САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТ С.БОЈАНЧИШТЕ - С.КУМАНИЧЕВО. ОВА САНИРАЊЕ НА ПАТОТ Е ДОНАЦИЈА ОД КОМПАНИЈАТА ЈА-МИ



НОВИ 1000 МЕТРИ КВАДРАТНИ ТРОТОАР ЌЕ БИДАТ ДЕЛ ОД УЛИЧНАТА МРЕЖА ВО КАВАДАРЦИ.
ОПШТИНАТА ДЕНОВИВЕ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ" РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИТЕ НА УЛ.„ОРЦЕ НИКОЛОВ". СЕ РАБОТИ НА ДЕЛНИЦАТА ОД СПОЈОТ СО БУЛЕВАРОТ „МАКЕДОНИЈА" ДО СПОЈОТ СО „СЕВЕРЕН БУЛЕВАР".
ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА ПОПЛОЧУВАЊЕ СО БЕХАТОН КОЦКИ НА ТРОТОАРИТЕ ОД ДЕВЕТЕ СТРАНИ НА УЛ.„ОРЦЕ НИКОЛОВ".



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ЗДРУЖЕНИЕТО ФОРУМ ЦСУД И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ДВЕТЕ СТРАНИ ЌЕ СОРАБОТУВААТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТ „СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР 2021-2025 НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ". ОВОЈ ПРОЦЕС ЌЕ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ОБЕЗБЕДИ ИНКЛУЗИВНОСТ И УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР
ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДЕФИНИРАЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ АКТИВНОСТИ И ИНИЦИЈАТИВИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, КАКО И ДА СОЗДАДЕ ПРЕДУСЛОВИ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ЕФИКАСНИ ПАРТНЕРСТВА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ ВО ОПШТИНАТА И ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ.
ДОКУМЕНТОТ ЌЕ БИДЕ ПОДГОТВЕН ОД СТРАНА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ФОРУМ ЦСИД ВРЗ ОСНОВА НА ПРОЦЕС НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ СО КОЈ НА КОНСУЛТАТИВЕН И ПАРТИЦИПАТИВЕН НАЧИН, СО ЗНАЧИТЕЛНА ВКЛУЧЕНОСТ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ЌЕ СЕ ИДЕНТИФИКУВААТ СЕГАШНИТЕ И ИДНИТЕ ПОТРЕБИ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ" РАБОТИ НА РЕЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ОФОРМУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР.
ЛОКАЦИЈАТА СЕ НАОЃА ЗАД КАФЕТЕРИЈАТА „РОМА". ВО ОВАА ФАЗА СЕ РАБОТИ НА ФОРМИРАЊЕ ОГРАДЕН ЅИД ОД ИСТОЧНАТА СТРАНА, ПО ШТО ЌЕ СЛЕДИ УРЕДУВАЊЕ НА ОВОЈ ДОПОЛНИТЕЛЕН МАЛ ПАРКИНГ ЗА НЕКОЛКУ ВОЗИЛА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ИЗВРШИ ТАМПОНИРАЊЕ НА ДЕЛНИЦА ОД УЛ.„ИЛЧО ДИМОВ“ ВО С.ВАТАША. ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ СЕ ДЕЛ ОД КОМУНАЛНИОТ ПРОЕКТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ПОСЛЕДНИТЕ 1000 МЕТРИ КВАДРАТНИ ОД ОВАА УЛИЦА.



ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА НА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-„МУШОВ ГРОБ“ ДО ПОСТОЈНИОТ АСФАЛТ НА УЛИЦАТА КОЈА СЕ НАОЃА НА ЛЕВИОТ БРЕГ ОД РЕКАТА ЛУДА МАРА. ПОСТАВУВАЊЕТО НА АСФАЛТНАТА ПОДЛОГА Е ПРЕДВИДЕНО ДА СЕ ИЗВРШИ ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ КАКО ДЕЛ ОД КАМПАЊАТА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО ГРАДОТ. СРЕДСТВАТА СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ, А ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРА НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ТОЈ ДЕЛ НА ВАТАША.



СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДЕНО Е АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.ЦРНОРЕЧКА, 4 КРАЦИ ОД ОВАА УЛИЦА КАКО И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.ЈОВАН ПЛАНИНСКИ СПОЈ СО УЛ.ЃОРЕ БРУШАНСКИ. ДЕНЕС СЕ АСФАЛТИРААТ 3 ОД ОВИЕ УЛИЦИ А ВО ТЕКОТ НА УТРЕШНИОТ ДЕН ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И АСФАЛТИРАЊЕ НА УШТЕ 2 УЛИЦИ. АСФАЛТИРАЊЕТО СЕ ВРШИ СО ДЕБЕЛИНА ОД 7 САНТИМЕТРИ А ПРЕТХОДНО БЕА ПОСТАВЕНИ ИВИЧЊАЦИ И УРЕДУВАЊЕ НА ДОЛЕН СТРОЈ.
ЌЕ СЕ АСФАЛТИРААТ ВКУПНО 1850 МЕТРИ КВАДРАТНИ, ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ Е 4 366 000 ДЕНАРИ.



ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО С.МАРЕНА И ВО С.ДРЕНОВО.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЈА ПОСТАВИ 70-ТА МЕРНА ТОЧКА ОД СИСТЕМОТ ЗА ДАЛЕЧИНСКА КОНТРОЛА, МОНИТОРИНГ И РЕГУЛАЦИЈА НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ГРАДОТ И СЕЛАТА.
СЕ РАБОТЕШЕ НА ТРАНСФОРМАТОРОТ ВО СЕЛО МОКЛИШТЕ И НА ДЕЛОТ ОД СИТЕМОТ ВО ВИКЕНД НАСЕЛБАТА.
СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ ТРЕБА ДА СЕ ПОСТАВАТ ВКУПНО 103 МЕРНИ ТОЧКИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА.
СИСТЕМОТ ПРЕТСТАВУВА ИНТЕЛИГЕНТЕН НАЧИН НА КОМУНИКАЦИСКО ПОВРЗУВАЊЕ ШТО ОВОЗМОЖУВА ПОСТОЈАНА ЦЕНТРАЛНА КОНТРОЛА, МОНИТОРИНГ, РЕГУЛАЦИЈА НА СВЕТЛОСНО НИВО, ДАЛЕЧИНСКО МЕРЕЊЕ НА ПОТРОШЕНАТА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ПРИСТАП ДО СЕКОЈ ОРМАР И ПРЕГЛЕД НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА ВО МРЕЖАТА НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ТОА СЕ ОСТВАРУВА СО СОФТВЕРСКО, WEB РЕШЕНИЕ, КАДЕ СЕ ВРШИ ЦЕЛОСНА СИНХРОНИЗАЦИЈА ПОМЕЃУ ЦЕНТРАЛНАТА КОНТРОЛНА СОБА И КОНТРОЛНИТЕ МОДУЛИ КОИ СЕ ИНСТАЛИРАНИ ВО ОРМАРИТЕ НА САМИТЕ ФИЗИЧКИ ЛОКАЦИИ. КОМУНИКАЦИЈАТА СЕ ВРШИ БЕЗЖИЧНО ИЛИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ ВРСКА.
ДЕЛОТ ОД СИСТЕМОТ КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА КОНТРОЛАТА Е КОНФИГУРИРАН ДА ВРШИ ЦЕНТРАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ И ИСКЛУЧУВАЊЕ СО ШТО СЕ ПОСТИГНУВА ОПТИМИЗИРАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ЧАСОВИ НА СВЕТИЛКИТЕ И ПОЕДНОСТАВНО УПРАВУВАЊЕ.
ДЕЛОТ ОД СИСТЕМОТ КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА МОНИТОРИНГОТ ОВОЗМОЖУВА: АНАЛИЗА НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ДАЛЕЧИНСКО ОТЧИТУВАЊЕ НА ПОТРОШЕНАТА АКТИВНА И РЕАКТИВНА ЕНЕРГИЈА, ФАКТОРОТ НА МОЌНОСТ, ФРЕКВЕНЦИЈАТА, МОМЕНТАЛНАТА СТРУЈА И НАПОН. ВАКВАТА КОНФИГУРАЦИЈА НА СИСТЕМОТ ОВОЗМОЖУВА: ДЕТЕКЦИЈА НА ДЕФЕКТ И ПРЕКИН НА ГЛАВНОТО НАПОЈУВАЊЕ, ДЕТЕКЦИЈА НА КРАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ДЕТЕКЦИЈА НА ОСТАНАТИ ПРОБЛЕМИ ВО МРЕЖАТА, КАКО И МОЖНОСТ ЗА СОБИРАЊЕ И СКЛАДИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ.
ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ИМА ПОСТОЈАН (24/7) ПРИСТАП ДО СЕКОЈ ОРМАР И МОЖЕ ДА ВРШИ МОМЕНТАЛНО ОТЧИТУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНИТЕ ПРИЛИКИ ВО МРЕЖАТА.
СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ Е МЕЃУ ПРВИТЕ ОПШТИНИ КОИ ГИ ПРИМЕНУВААТ СОВРЕМЕНИТЕ ЕНЕРГЕТСКИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ И ЕКОЛОШКИТЕ СТАНДАРДИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ





ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" РАБОТИ НА ПРОБИВАЊЕ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР НА ПОТЕГОТ ОД ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА ДО СПОЈОТ СО УЛ.„ЃОРЕ БРУШАНСКИ" КАЈ „КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ".ВО ОВАА ПРВА ФАЗА СЕ РАБОТИ НА ДЕЛНИЦА ВО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 740 МЕТРИ, ОД КОИ ПРВИТЕ 300 МЕТРИ СЕ ЦЕЛИНА НА КОЛОВОЗ И ТРОТОАРИ, ПО ШТО УЛИЦАТА СЕ ДЕЛИ НА ДВА КРАКА, СЕКОЈ СО ДОЛЖИНА ОД 240 МЕТРИ. СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНАТА НА ОВАА ДЕЛНИЦА СЕ РЕКОНСТРУИРА СТАРАТА ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА (ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА), А СЕ ПОСАТАВУВААТ И ЦЕЛОСНО НОВИ ЛИНИИ ТАМУ КАДЕ ШТО ИМА ПОТРЕБА. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЛЕДИ ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ И ТАМПОНИРАЊЕ, А ВО ЗАВРШНАТА ФАЗА УЛИЦАТА ЌЕ СЕ АСФАЛТИРА. УРБАНИЗАЦИЈАТА НА ОВАА НОВА УЛИЦА ЌЕ СЕ ЗАОКРУЖИ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ЛИНИЈА ОД СИСТЕМОТ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ВИСОКИ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ЕКОЛОШКИ И ШТЕДЛИВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ.



ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА НА ВЛЕЗОТ ВО С.ДРЕНОВО.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ И ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕДНИЧКА ИНВЕСТИЦИЈА ГО РЕКОНСТРУИРААТ ГРАДСКИОТ СТАДИОН. ДЕНОВИВЕ ПРИВРШУВААТ ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ИСТОЧНАТА ТРИБИНА, ПО ШТО РАБОТИТЕ ЌЕ СЕ НАСОЧАТ КОН РЕАЛИЗАЦИЈА НА НОВОТО ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЈУЖНАТА ТРИБИНА КОЈА ЌЕ БИДЕ ЦЕЛОСНО ПОКРИЕНА СО КРОВНА КОНСТРУКЦИЈА. ПОСЛЕ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ТРИБИНИТЕ, НА СТАДИОНОТ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ 2000 НОВИ СТОЛЧИЊА КОИ ВЕЌЕ СЕ НАБАВЕНИ. ПРЕТХОДНО БЕШЕ ОТСТРАНЕТА СТАРАТА ТРЕВА ОД ФУДБАЛСКИОТ ТЕРЕН, КОЈ ПОТОА ДОБИ НОВА ПОДЛОГА СО СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ И ДРЕНАЖА. ВРЗ НЕГО СЕ ПОСТАВИ БУСЕН ТРЕВА И СЕГА Е ВО ОДЛИЧНА СОСТОЈБА.ВО ПОСЛЕДНАТА ФАЗА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЦЕЛОСНО ЌЕ ГИ ОБНОВИ И МОДЕРНИЗИРА СОБЛЕКУВАЛНИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ПРОСТОРИИ ВО РАМКИ НА СТАДИОНОТ.



БЕШЕ ПОСТАВЕН ЗАВРШНИОТ-ФИН СЛОЈ НА АСФАЛТ НА РЕКОНСТРУИРАНАТА ДЕЛНИЦА НА УЛИЦАТА „ШИШКА“ ВО ДОЛЖИНА ОД 1200 МЕТРИ. ЗА ПРВ ПАТ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ СЕ ПРИМЕНУВА НОВ ТИП АСФАЛТ ПОЛИМЕР БИТУМЕН СО ДЕБЕЛИНА ОД 6 САНТИМЕТРИ КОЈ ВО СПОРЕДБА СО ОСТАНАТИТЕ АСФАЛТИ КОИ СЕ ВГРАДУВААТ ВО НАШЕТО ПОДРАЧЈЕ Е ПООТПОРЕН НА НАДВОРЕШНИ ВЛИЈАНИЈА ( ВИСОКИ И НИСКИ ТЕМПЕРАТУРИ ) , ЕКСПЛОАТАЦИЈА И ВАКОВ ТИП НА АСФАЛТ СЕ ПОСТАВУВА СО ПОГОЛЕМО СООБРАЌАЈНО ОПТОВАРУВАЊЕ. ОТКАКО ЌЕ СЕ АСФАЛТИРА ЦЕЛАТА ДОЛЖИНА, ЌЕ СЛЕДИ ЗАВРШНАТА ФАЗА НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА И ПОСТАВУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНАТА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА. СО ТОА ЦЕЛОСНО ЌЕ СЕ ОБНОВИ И УРБАНИЗИРА ИСТОЧНИОТ ВЛЕЗ ВО КАВАДАРЦИ ОД ПРАВЕЦ НА НЕГОТИНО. ПРОЕКТОТ КОЈ ГО ИЗГОТВИ ОПШТИНАТА ОПФАЌА РЕКОНСТРУКЦИЈА СО ПРОШИРУВАЊЕ НА УЛИЦАТА НА ПОТЕГОТ ОД СТАРОТО УЛИЧИШТЕ ВО ГЛИШИЌ ДО СПОЈОТ СО „СЕВЕРЕН БУЛЕВАР“. ВО РЕКОНСТРУКЦИЈАТА УЧЕСТВУВА И ДРЖАВАТА ПРЕКУ АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА. НОВОТО БУЛЕВАРСКО РЕШЕНИЕ НА УЛИЦАТА КОЈА Е ДЕЛ ОД РЕГИО-



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

НАЛНИОТ ПАТЕН ПРАВЕЦ НЕГОТИНО-КАВАДАРЦИ-ПРИЛЕП Е СОВРЕМЕН УРБАНИЗИРАН СООБРАЌАЕН ВЛЕЗ ВО ГРАДОТ СО ПОГОЛЕМА ПРОПУСТНА МОЌ НА ВОЗИЛА, ВЕЛОСИПЕДИСТИ И ПЕШАЦИ.





ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА„ГРАДБА ПРОМЕТ“ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАР НА УЛ.„БОРИС КИДРИЧ“ НА ЛОКАЦИЈА ПОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ„ДИМКАТА АНГЕЛОВ-ГАБЕРОТ“ КАВАДАРЦИ. ПОПЛОЧУВАЊЕТО Е ДЕЛ ОД КАМПАЊАТА ПО ДОГОВОР ЗА ИЗВЕДБА КОЈ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО СПРОВЕДУВА НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ. ПРВО БЕШЕ РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТОТ ЗА БЕТОНИРАЊЕ НА ПАТЕКА ПОМЕЃУ УЧИЛИШТЕТО И КОЛЕКТИВНАТА СТАНБЕНА ЗГРАДА НА УЛ.„КИРО СПАНЏОВ“ . ДЕНЕШНОТО ПОПЛОЧУВАЊЕ Е ВТОР ПРОЕКТ ОД ОВОЈ ДОГОВОР, ОД КОЈ ТРЕБА ДА СЕ РАЕЛИЗИРААТ И КОМУНАЛНИТЕ ПРОЕКТИ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ.„КИРО СПАНЏОВ“, КАКО И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ.„БЛАГОЈ КРСТИЌ“ ПОД ХОТЕЛ„БАЛКАН“.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ОВАА НАМЕНА ЌЕ ИНВЕСТИРА 1.792.000 ДЕНАРИ. ПАРИТЕ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ, СМЕТКА ЗА КОМУНАЛНИ РАБОТИ. СИТЕ ПРОЕКТИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ НА БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

УШТЕ ЕДНА ПРИКАЗНА ОД НАШЕТО УБАВО КАВАДАРЦИ СЕ ПРИБЛИЖУВА КОН КРАЈОТ. ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА ОД С.ВАТАША ДО МОКЛИШТЕ, КОЈА СО ДОИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ЌЕ ГО ПОВРЗУВА И САМИОТ ГРАД СО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ, ВЕЌЕ Е НА САМИОТ КРАЈ ОД НЕЈЗИНАТА ИЗГРАДБА. ПАТЕКАТА Е ПОВЕЌЕ НАМЕНСКА , ЌЕ БИДЕ СО ОБЕЛЕЖАН ПРОСТОР ЗА ВЕЛОСИПЕДИСТИ И ПЕШАЦИ. ПО ДОЛЖИНАТА НА ПАТЕКАТА НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ПАМЕТНИ КЛУПИ ЗА ОДМОР И ЗА КОРИСТЕЊЕ НА БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ И МОЖНОСТ ЗА ПОЛНЕЊЕ НА МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ. ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ ТРИ СТАНИЦИ ЗА БРЗ СЕРВИС НА ВЕЛОСИПЕДИ И ВО ЕДЕН ДЕЛ ОД ПАТЕКАТА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ И ФИТНЕС ЗОНА. МОДЕРНОТО И ЕКОНОМИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВЕЌЕ Е ВО ПООДМИНАТА ФАЗА СО ПОСТАВУВАЊЕ , ПАТЕКАТА ЌЕ БИДЕ ЦЕЛОСНО ОСВЕТЛЕНА.
ВЕЛОСИПЕДСКО-ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА Е ДОЛГА 4,5 КИЛОМЕТРИ И ЌЕ БИДЕ БЕЗБЕДНО МЕСТО ЗА РЕКРЕАЦИЈА И СПОРТУВАЊЕ. НА НАС ОСТАНУВА САМО ДА УЖИВАМЕ ВО НАШИТЕ УБАВИНИ И ДА СЕ ГРИЖИМЕ ЗА УРБАНАТА ОПРЕМА.





ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА" НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА РСМ ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, КОЈ ЌЕ СЕ РАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ АПЛИЦИРАШЕ СО ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ "БРАЌА ЏУНОВИ", "ПИОНЕРСКА" И "ИЛИНДЕНСКА" ВО ТЕНДЕР 1, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИТЕ "ЗАПАДЕН БУЛЕВАР" И "ДИСАНСКА" ВО ТЕНДЕР 2 И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА " ПАТ ОД С.РЕСАВА ДО БРАНА ТИКВЕШ" ВО ТЕНДЕР 3. СОГЛАСНО ОДЛУКАТА ОД ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА АЛОЦИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА" НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ВО ИЗНОС ОД 1.112.010.21 €.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНА СО МЕСТЕЊЕ НА ПЕДАЛА ЗА НОГА НА СИТЕ ФОНТАНИ СЕ СО ЦЕЛ ЗА РАЦИОНАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ.





СЕ ИЗВРШИ САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТ ДО МАНАСТИРОТ СВ.АЛЕКСЕЈ ВО С.БЕГНИШТЕ. САНАЦИЈАТА НА ПАТОТ Е ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ И Е ДОНАЦИЈА ОД ФИРМАТА ЈАМИ.

СЕ ЗАПОЧНА СО ПОДГОТОВКА НА ТЕРЕНОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ПАРКИНГ ПРОСТОР И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ КАЈ ЗГРАДИТЕ БЕЛКА.





ПО ЧИСТЕЊЕТО НА ДИВАТА ДЕПОНИЈА, ВО С.ДРЕНОВО СЕ САНИРАШЕ И ДВОРОТ НА СЕЛСКАТА ЦРКВА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПРОЕКТ ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ЧЕТИРИ ОБЈЕКТИ НА ГРАДИНКАТА „РАДА ПОЦЕВА".

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНОВИВЕ ВО ЦЕЛОСТ ГО РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НИВОТО НА БЕЗБЕДНОСТ НА ЧЕТИРИ КЛОНА НА ГРАДИНКАТА „РАДА ПОЦЕВА".
СО ПРОЕКТОТ СЕ ОГРАДИЈА ЧЕТИРИ КЛОНА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА РАДА ПОЦЕВА-"ГРОЗДОБЕРЧЕ", „ДЕТЕЛИНКА", „СНЕЖАНА" И "БУБА МАРА", СЕ ПОСТАВИ НОВО ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ ДРВЕНИ ИГРАЧКИ СО ПЕСОЧНИЦИ, СО ШТО ВО ИДНИНА ЌЕ СЕ ПОДОБРИ БЕЗБЕДНОСТА ВО ОВАА УСТАНОВА КАДЕ ШТО ПРЕСТОЈУВААТ ДЕЦА ОД ПРЕДШКОЛСКА ВОЗРАСТ.
ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ИЗНЕСУВА 2 016 553 ДЕНАРИ.
ОПШТИНАТА ГО РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ ПРЕКУ ГРАНТ-ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА СО ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ УНДП.



АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ КОЈ ГИ СПОЈУВА ДОЛНА БОШАВА И ГОРНА БОШАВА. ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ГИ ИЗВЕДУВААТ АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ВО ДОЛЖИНА ОД 850 МЕТРИ.





ПРОСТОРОТ КАЈ ЗГРАДИТЕ БЕЛКА КОЈ Е ПРЕДВИДЕН ДА БИДЕ ПАРКИНГ ПРОСТОР ВЕЌЕ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА. ДЕНЕС СЕ ВРШИ ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ И РЕДЕЊЕ НА БЕХАТОН КОЦКИ. ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПАРКИНГОТ ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ПАРТЕРНО И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПАТИШТА ЗАВРШИ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛНИЦА ОД РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ ДЕМИР КАПИЈА-МУШОВ ГРОБ.
СЕ РАБОТИ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА 850 ДОЛЖНИ МЕТРИ СО ШИРОЧИНА НА КОЛОВОЗОТ ОД 4 МЕТРИ, НА ДЕЛ ОД ПАТОТ КОЈ ГИ ПОВРЗУВА СЕЛАТА ДОЛНА БОШАВА СО ГОРНА БОШАВА.
СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ АСФАЛТНА ПОДЛОГА СЕ ПОСТАВИ НА ИЗЛЕЗОТ ОД СЕЛОТО ДОЛНА БОШАВА ДО СПОЈОТ СО БЕХАТОН ПЛОЧИТЕ НА ВЛЕЗОТ ПОД СЕЛО ГОРНА БОШАВА.
СЕГА ОД КАВАДАРЦИ ДО ГОРНА БОШАВА СЕ ПАТУВА ПО ЦЕЛОСНО АСФАЛТИРАН ПАТ КОЈ ОВОЗМОЖУВА ПОБРЗА И ПОБЕЗБЕДНА КОМУНИКАЦИЈА КАКО ЗА ЖИТЕЛИТЕ, ТАКА И ЗА СТОПАНСКИТЕ СУБЈЕКТИ ОД ТОЈ РЕГИОН.



СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ЗНАЧАЈНО СЕ ПОДОБРИ СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО КОМУНИКАЦИЈА СО СЕЛАТА ОД ПОДКОЖУВЈЕТО.
ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ОСТАНУВА ДА СЕ АСФАЛТИРААТ ПРЕОСТАНАТИТЕ 5 КИЛОМЕТРИ ОД ОВОЈ РЕГИОНАЛЕН ПАТ ПОМЕЃУ СЕЛАТА ГОРНА БОШАВА И КОНОПИШТЕ.

СЕ ВРШИ САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО С.ГРАНИКОВО.





АСФАЛТИРАНИ СЕ СИТЕ ПРЕКОПИ ОД ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО С.ДАБНИШТЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА„ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА„ИНДУСТРИСКА" ВО КРУГОТ НА ПОРАНЕШНИОТ ДРВЕН КОМБИНАТ„СТРАШО ПИНЏУР".
СПОРЕД ПРОЕКТОТ ЗАПОЧНА ПОСТАВУВАЊЕТО АСФАЛТОТ НА ДЕЛНИЦАТА ОД 900 МЕТРИ ПОРЕДВИДЕНА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА.
ПРЕТХОДНО БЕШЕ СПРОВЕДЕНО ОТСТРАНУВАЊЕТО НА СТАРИОТ ОШТЕТЕН АСФАЛТ, ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ И ТАМПОНИРАЊЕ.
ОПШТИНАТА Е ФИНАНСИЕР НА ПРОЕКТОТ СО КОЈ СЕ ПОДОБРУВА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ЕДНА ОД ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНИ НА ГРАДОТ, КАДЕ РАБОТАТ ЗНАЧАЕН БРОЈ НА ФИРМИ ОД МАЛОТО СТОПАНСТВО.

ПРОШИРЕНАТА И РЕКОНСТРУИРАНА ДЕЛНИЦА НА УЛИЦАТА„ШИШКА" НАСКОРО ЌЕ ГО ДОБИЕ И ВТОРИОТ ТРОТОАР.
ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА„ГРАДБА ПРОМЕТ" РАБОТИ НА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРОТ НА ДЕЛОТ ОД ВЛЕЗОТ ВО ГЛИШИЌ ДО СПОЈОТ СО СЕВЕРЕН БУЛЕВАР КАЈ ОПШТА БОЛНИЦА. НА ОВАА ДЕЛНИЦА СЕ ОФОРМУВА ТРОТОАР СО ШИРОЧИНА ОД ДВА МЕТРИ, КАДЕ СЕ ПОСТАВУВААТ РАБНИЦИ, СЕ ВРШИ ТАМПОНИРАЊЕ И ПОПЛОЧУВАЊЕ СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ.



СО ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА СОЗДАВА ПОБЕЗБЕДНИ УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПЕШАЦИТЕ.
ВО ЗАВРШНИОТ ДЕЛ ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ПРОШИРУВАЊЕ И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ.„ШИШКА" ЌЕ СЛЕДИ И ЦЕЛОСНО РЕНОВИРАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Се врши обележување на паркинг места на ул.Гоце Делчев. Овој паркинг простор неодамна беше завршен ,со што се овозможи дополнителен простор за паркинг места за жителите од овие згради. Овие згради ќе добијат и хортикултурно уредување.



ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА, А НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОЕКТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА СПОРЕДЕН ДЕЛ ОД УЛИЦАТА „КИРО СПАНЏОВ".
СПОРЕД ПРОЕКТОТ ЗАВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА 80 КВАДРАТНИ МЕТРИ ПОВРШИНА ОД СПОМЕНАТАТА УЛИЦА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА„ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ ДЕНОВИВЕ ГИ СПРОВЕДУВА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ЗА ПОДГОТОВКА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ.„ДАМЕ ГРУЕВ“. ОПШТИНАТА ПРЕКУ КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ ФИНАНСИРАН ОД БУЏЕТОТ ВРШИ ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА И ТОА НА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО УЛ.„ВИШЕШНИЦА“ ДО СПОЈОТ СО УЛ.„22 ДЕКЕМВРИ“ ВО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 150 МЕТРИ. ВО ОВАА ФАЗА СЕ РАБОТИ НА ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА СО ТАМПОНИРАЊЕ.

ПРЕТХОДНО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ЈП„КОМУНАЛЕЦ“ РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОЕКТ ЗА ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОДЗЕМНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ЛИНИИТЕ ЗА ВОДОВОД, КАКО ЗА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.

ОВДЕ СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ ЛИНИИ, ПРИ ШТО СТАРИТЕ И ДОТРАЕНИ БЕТОНСКИ СЕ ЗАМЕНИЈА СО ПЛАСТИЧНИ КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ СО ПРОФИЛ 315. КОМУНАЛЕЦ ИЗВРШИ ЗАМЕНА И НА ВОВОВОДНАТА ЛИНИЈА КАДЕ НАМЕСТО СТАРИТЕ АЗБЕСТ-ЦЕМЕНТНИ ЦЕВКИ, СЕ ПОСТАВИ ПЛАСТИЧНО ЦРЕВО СО ПРОФИЛ 110.

ВО ЗАВРШНАТА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА РЕАЛИЗИРАШЕ УШТЕ ЕДЕН КОМУНАЛЕН ЗАФАТ. СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ СЕ АСФАЛТИРАШЕ КРАК ОД УЛ.„ШИШКА“.

СЕ РАБОТИ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА АСФАЛТОТ НА УЛИЦАТА ВО ДОЛЖИНА ОД 186 МЕТРИ И ШИРОЧИНА ОД 6 МЕТРИ. СЕ ОБНОВИ СТАРИОТ АСФАЛТ НА ДЕЛОТ КОЈ ЗАПОЧНУВА ОД СПОЈОТ СО ГЛАВНАТА УЛИЦА„ШИШКА“ ДО СПОЈОТ СО СТОПАНСКИОТ ДВОР НА„МЕПОС ОПЕРАТИВА“.

ОВОЈ КРАК ОД„ШИШКА“ Е ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧАЕН БИДЕЈЌИ Е ПРИСТАП ДО ПОВЕЌЕ ДРУГИ МАЛОСТОПАНСКИ СУБЈЕКТИ ВО ОВАА ЗОНА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ЈА АСФАЛТИРАШЕ УЛИЦАТА „ДАМЕ ГРУЕВ“ ВО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 150 МЕТРИ. СО ОВАА АКТИВНОСТ СЕ ЗАОКРУЖИ ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНАТА ЗА ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА. ПРЕТХОДНО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП „КОМУНАЛЕЦ“ ОД СПОЈОТ СО УЛ. „ВИШЕШНИЦА“ ДО СПОЈОТ СО УЛ. „22 ДЕКЕМВРИ“ ЈА РЕКОНСТРУИРАА ПОДЗЕМНАТА ИНФРАСТРУКТУРА. НА ЛИНИЈАТА ЗА ВОДОВОД НАМЕСТО СТАРИТЕ АЗБЕСТ-ЦЕМЕНТНИ ЦЕВКИ СЕ ПОСТАВИ ПЛАСТИЧНО ЦРЕВО СО ПРОФИЛ 110.

НА НОВИТЕ ЛИНИИ ОД ФЕКАЛНАТА И АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА СТАРИТЕ И ДОТРАЕНИ БЕТОНСКИ ЦЕВКИ СЕ ЗАМЕНИЈА СО ПЛАСТИЧНИ КОРУГИРАНИ ЦЕВКИ СО ПРОФИЛ 315.







ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ.ОРЦЕ НИКОЛОВ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ЗАПОЧНА СО АСФАЛТИРАЊЕ НА НОВИОТ ПРОБИЕН ДЕЛ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР НА ПОТЕГОТ ОД ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА ДО СПОЈОТ СО УЛ. „ЃОРЕ БРУШАНСКИ“ КАЈ „КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ“.

ВО ОВАА ПРВА ФАЗА СЕ РАБОТИ НА ДЕЛНИЦА ВО ВКУПНА ДОЛЖИНА ОД 740 МЕТРИ, ОД КОИ ПРВИТЕ 300 МЕТРИ СЕ ЦЕЛИНА НА КОЛОВОЗ И ТРОТОАРИ, ПО ШТО УЛИЦАТА СЕ ДЕЛИ НА ДВА КРАКА, СЕКОЈ СО ДОЛЖИНА ОД 240 МЕТРИ.



ПРЕТХОДНО ОПШТИНАТА НА ОВАА ДЕЛНИЦА ЈА РЕКОНСТРУИРАШЕ СТАРАТА ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА (ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА), А СЕ ПОСАТАВИЈА И ЦЕЛОСНО НОВИ ЛИНИИ.

ВО ЗАВРШНАТА ФАЗА УЛИЦАТА СЕ АСФАЛТИРА. УРБАНИЗАЦИЈАТА ЌЕ СЕ ЗАОКРУЖИ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ЛИНИЈА ОД СИСТЕМОТ НА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ВИСОКИ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ЕКОЛОШКИ И ШТЕДЛИВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ.

ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ЖИКОЛ“ ОД СТРУМИЦА ЗАПОЧНА СО АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ. „КЛИНСКА“ БЛИЗУ ЛОКАЛИТЕТОТ „КАЛНИЦА“.

ГРАДЕЖНИТЕ РАБОРИ СЕ ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ, ГРАНТ ОД СВЕТСКА БАНКА ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, ЗА СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ „МСИП-2-СГ-НЦБ-002-20“.



ПРОЕКТОТ СЕ ОДНЕСУВА НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ, ОДДЕЛУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „КЛИНСКА“ И ДЕЛ ОД УЛ. „МЕТОДИ ЏУНОВ-ЏИКО“.

РАБОТИТЕ НА ОВОЈ КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ ЗАПОЧНАА ВО ДЕКЕМВРИ МИНАТАТА ГОДИНА, А ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЛАДЕАТ ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА НЕГОВО ЦЕЛОСНО ЗАОКРУЖУВАЊЕ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ РАБОТИ НА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОСЛЕДНАТА НЕУРБАНИЗИРАНА ДЕЛНИЦА ОД УЛ. „БРАЌА ЏУНОВИ“.
ДЕНЕС СЕ ПОСТАВУВАА РАБНИЦИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА УЛИЦАТА, СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ НА ДЕЛНИЦАТА ОД МОСТОТ „СЛОГА“ ДО ПОСТОЈНИОТ АСФАЛТ НА ВЛЕЗОТ ВО „КАДРОВО МААЛО“. ОВДЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 85 МЕТРИ ЌЕ СЕ ПОПЛОЧУВА СО БЕХАТОН КОЦКИ.



СО ОВОЈ ЗАФАТ ОПШТИНАТА ЌЕ САНИРА ЗНАЧАЕН ДЕЛ ОД УЛИЦАТА КОЈ СО ГОДИНИ БЕШЕ СЛЕПО ЦРЕВО НА ЛЕВИОТ БРЕГ ОД РЕКАТА „ЛУДА МАРА“.
ПРОЕКТОТ Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ, КОИ СО ДЕЦЕНИИ НАНАЗАД БАРААТ ОД ОПШТИНАТА ДА ИМ УРБАНИЗИРА ПРИСТАП ДО УЛ. „СЛОГА“ ЕДНА ОД КЛУЧНИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ ВО ГРАДОТ.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „АС МАШИНИ“ ГО РЕАЛИЗИРАШЕ КОМУНАЛНИОТ ПРОЕКТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ПРЕД КОЛЕКТИВНА СТАНБЕНА ЗГРАДА НА УЛ. „ИГМАН“.
СПОРЕД ПРОЕКТОТ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ СЕ ПОПЛОЧУВА ПОВРШИНА ОД 200 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ПРЕТХОДНО, ПРОСТОРОТ СЕ РАСЧИСТИ И ПОДГОТВИ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ.
ПРОЕКТОТ Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ, А СЕ РЕАЛИЗИРА СО СРЕДСТВА ОД ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ НАМЕНЕТИ ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА.
СО ПОПЛОЧУВАЊЕТО СТАНАРИТЕ НА ЗГРАДТА И ОКОЛНИТЕ КУЌИ ЌЕ ДОБИЈАТ УРБАНИЗИРАН ПРОСТОР.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СПОРЕД ПРОГРАМАТА ЗА 2020Г. НЕДЕЛАВА СЕ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА КРАК НА УЛ. ЃОРЃИ СОКОЛОВ. СЕ РАБОТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА 100 МЕТРА УЛИЦА, НА КОЈА ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ ЦЕФКИ ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА Ф250 И ВОДОВОДНО ЦРЕВО Ф63. НА ИСТИТЕ ОВИЕ ЛИНИИ ЌЕ БИДАТ ИЗВРШЕНИ ПРИКЛУЧОЦИ ЗА СИТЕ КУЌИ КОИ СЕ НАОЃААТ НА ОВАА УЛИЦА. СЕ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА ГЛАВНАТА ФЕКАЛНА И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА И ЌЕ СЕ ЗАПОЧНЕ СО ИЗВЕДБА НА СЕМЕЈНИ ПРИКЛУЧОЦИ. ПОСЛЕДНА ФАЗА НА ПРОЕКТОТ ЌЕ БИДЕ ВРАЌАЊЕ НА УЛИЦАТА ВО ПРВОБИТНА СОСТОЈБА ОДНОСНО ПОПЛОЧУВАЊЕ. ИНВЕСТИТОР И ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ.



НОВА ПЕШАЧКА ПАТЕКА СО ПОВРШИНА ОД 300 КВАДРАТНИ МЕТРИ СЕ ГРАДИ НА УЛ.„БЕЛ КАМЕН“ ВО ИСТОИМЕНАТА НАСЕЛБА. БЕА ПОСТАВУВЕНИ РАБНИЦИ СО КОИ СЕ ФОРМИРААТ КОНТУРИТЕ НА ПАТЕКАТА, ПО ШТО ЌЕ СЛЕДИ ПОСТАВУВАЊЕ НА БЕХАТОН КОЦКИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА „АС МАШИНИ“ ОД КАВАДАРЦИ.
ОПШТИНАТА ЈА ГРАДИ ПАТЕКАТА НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ТОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ.

ПОСЛЕДНО - ПОТПИШАН Е МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНАТА И МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ.
ДОКУМЕНТОТ ГО ПОТПИШАА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАНЧЕВ ВО ИМЕ НА ОПШТИНАТА И МАРЈАН КИЦЕВ ПРЕТСЕДАТЕЛ ВО ИМЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ.



ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ Е ИСКРЕНАТА НАМЕРА НА ДВЕТЕ СТРАНИ АКТИВНО ДА СОРАБОТУВААТ ВО НАСОКА НА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ, КАКО И НА ВИЗИИТЕ ВО НАТАМОШНОТО ЗАЕДНИЧКО ДЕЛУВАЊЕ.
ЕДНА ОД ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ Е ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОВОЈ СИНДИКАТ ВРАБОТЕНИ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ СТОЛБОВИ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ДРЖАВАТА.
ДВЕТЕ СТРАНИ ПАРАФИРАА СОГЛАСНОСТ И ЗА ЗАЕДНИЧКО ДЕЛУВАЊЕ И ПРИДОНЕС НА СЕКОЈА ОД ПОТПИСНИЧКИТЕ ВО РАМКИТЕ НА СВОИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И МОЖНОСТИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСТАВЕНИ СЕ ПОСЛЕДНИТЕ 11 МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ ОД НОВАТА МРЕЖА НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛ.„СТРАШО ПИНЏУР".
АКТИВНОСТА Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ, ВО СОРАБОТКА СО ЕВН КОРИСНИЧКИ ЦЕНТАР КАВАДАРЦИ СО КОЈ ЦЕЛОКУПНАТА ВОЗДУШНА НИСКО НАПОНСКА МРЕЖА НА УЛИЦИТЕ „НАРОДЕН ФРОНТ" И „СТРАШО ПИНЏУР" СЕ ДИСЛОЦИРА ВО ПОДЗЕМНИ ВОДОВИ.



СО ОВОЈ ЗАФАТ ДОСЕГАШНАТА ВОЗДУШНА ЛИНИЈА ЦЕЛОСНО ЌЕ БИДЕ ОТСТРАНЕТА И ПОВЕЌЕ НА ОВА ДЕЛНИЦА ОД 2 000 МЕТРИ НЕМА ДА ПОСТОЈАТ СТАРИТЕ ДРВЕНИ БАНДЕРИ И НАДЗЕМНИТЕ ЕЛЕКТРО ПРОВОДНИЦИ. ПАРАЛЕНО СО ОВА ПОД ЗЕМЈА ЌЕ БИДАТ ДИСЛОЦИРАНИ И ВОДОВИТЕ НА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИТЕ И КАБЕЛСКИТЕ ОПЕРАТОРИ.
ОПШТИНАТА СО ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ ОБЕЗБЕДИ СОВРЕМЕНО ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ, ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ЕЛЕКТРИЧНИТЕ ВОДОВИ, КАКО И СИГУРНОСТ ЗА ГРАЃАНИТЕ.

ПОД МОТОТО „РАСТЕМЕ ЗАЕДНО", ВО ДВОРОТ НА ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ БЕА ЗАСАДЕНИ 200 МЛАДИ САДНИЦИ ОД ПОВЕЌЕ ВИДОВИ РАСТЕНИЈА. ЦЕЛТА НА АКЦИЈАТА Е ДА СЕ РАЗУБАВИ ДВОРОТ НА БОЛНИЦАТА И ДА СЕ ПРИДОНЕСЕ КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИТЕ УСЛОВИ.
ВО ПОСЕТА НА ОПШТА БОЛНИЦА БЕШЕ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ КОЈ ВО ПРИДРУЖБА НА ДИРЕКТОРОТ НА БОЛНИЦАТА Д-Р. ДИМИТАР КОЦЕВ УЧЕСТВУВАШЕ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ХУМАН И БЛАГОРОДЕН НАСТАН.
НОСИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ Е НЕВЛАДИНАТА ОДРГАНИЗАЦИЈА „BALKAN BRIDGES" ЧИИ ПРЕТСЕДАТЕЛ ДУШКО ХРИСТОВ ГИ ИНФОРМИРАШЕ ЈАНЧЕВ И КОЦЕВ ЗА ЦЕЛТА СО КОЈА ОВАА НЕВЛАДИНА ОРГАНИЗАЦИЈА ГИ ДОНИРАШЕ СРЕДСТВАТА ВО РАЗЕЛЕНУВАЊЕ НА ДВОРОТ НА КАВАДАРЕЧКАТА ОПШТА БОЛНИЦА.
ПОЗИТИВЕН СТАВ КОН ОВОЈ ХУМАН ГЕСТ ИСКАЖА И РОБЕРТО ПАРИЗОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА „ЕКО ЖИВОТ" ОД КАВАДАРЦИ.
ГРАДОНАЧЛНИКОТ ЈАНЧЕВ ИЗРАЗИ БЛАГОДАРНОСТ ЗА ДОНАЦИЈАТА И УШТЕ ЕДНАШ ГО ПОТВРДИ СТАВОТ НА ОПШТИНАТА ВО ПРАВЕЦ НА БЕЗРЕЗЕРВНА ПОДДРШКА НА ЕКОЛОШКИТЕ ПРОЕКТИ.
БЛАГОДАРНОСТ ИСКАЖА И ДИРЕКТОРОТ КОЦЕВ КОЈ ПОСОЧИ ДЕКА РАКОВОДСТВОТО НА БОЛНИЦАТА САМОИНИЦИЈАТИВНО ПРЕВЗМАЛО АКТИВНОСТИ НА РАСЧИСТУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРОТ СО ЦЕЛ ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ПРОСТОР КАДЕ БОЛНИТЕ БИ СЕ ЧУСТВУВАЛЕ ПРИЈАТНО.
САДЕЊЕТО НА РАСТЕНИЈАТА ГО РЕАЛИЗИРАА НЕВЛАДИНИТЕ „BALKAN BRIDGES" И „ЕКО ЖИВОТ" СО ПОМОШ НА НАДЛЕЖНИТЕ ОД ОПШТИНАТА И ЈП „КОМУНАЛЕЦ" .
ПРОЕКТОТО ФИНАНСИСКИ Е ПОДДРЖАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ЗАВРШИ СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРИ ЛОКАЦИИ ОД УЛ. „БРАЌА ЦУНОВИ“.
СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНАТА, НА ДЕЛНИЦАТА ОД МОСТОТ „СЛОГА“ ДО ПОСТОЈНИОТ АСФАЛТ НА ВЛЕЗОТ ВО „КАДРОВО МААЛО“ СО БЕХАТОН КОЦКИ СЕ ПОПЛОЧИ НОВОПРОБИЕНА ДЕЛНИЦА ОД УЛИЦАТА СО ПОВРШИНА ОД 400 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
СО ОВОЈ ЗАФАТ ОПШТИНАТА УРБАНИЗИРАШЕ ДЕЛ КОЈ СО ГОДИНИ БЕШЕ „СЛЕПО ЦРЕВО“ НА ЛЕВИОТ БРЕГ ОД РЕКАТА „ЛУДА МАРА“.
НА ДВЕ СОСЕДНИ ЛОКАЦИИ ВО СКЛОП НА ИСТАТА ЈАВНА НАБАВКА СЕ ПОПЛОЧИ И ТРОТОАР СО ПОВРШИНА ОД 173 КВАДРАТИ, КАКО И ПРИСТАП ДО ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ СО ПОВРШИНА ОД 137 КВАДРАТНИ МЕТРИ.
ОПШТИНАТА ПРОЕКТОТ ГО РЕАЛИЗИРАШЕ НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА КАВАДАРЦИ, КОИ СО ДЕЦЕНИИ НАЗАД БАРАТ ДА СЕ УРБАНИЗИРА ПРИСТАП ДО УЛИЦАТА „СЛОГА“.



ЗАВРШИ ИЗГРАДБАТА НА МИНОР КОРИТОТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА, НА ПОСЛЕДНАТА ДЕЛНИЦАТА ОД КЕЈОТ ВО ДОЛЖИНА ОД 680 МЕТРИ. АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА „ЦВЕТ КОМПАНИ“ ОД СКОПЈЕ ВГРАДИ ОБРАБОТЕН КАМЕН НА ДНОТО И НА СТРАНИТЕ ОД ОСНОВНОТО КОРИТО НА РЕКАТА. СО ИЗГРАДБАТА НА ОВАА ДЕЛНИЦА СЕ СПОИ КЕЈОТ-ШЕТЕЛИШТЕ ВАТАША СО ДЕЛОТ ВО КАВАДАРЦИ КАЈ МОСТОТ „СЛОГА“.
ОД ОВАА ПОСЛЕДНА ФАЗА ОД ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ-ШЕТАЛИШТЕ ТРЕБА ДА СЕ ДОИЗГАРДАТ ПАТЕКИТЕ НА ДВАТА БРЕГА. ВО ЗАВРШНАТА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА.



ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 21.500.000 ДЕНАРИ. ПАРИТЕ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.
УРБАНИЗИРАНИОТ КЕЈ ЌЕ СЕ ПРОТЕГА ОД УЛ. „СТРАШО ПИНЏУР“ КАЈ МОСТОТ НА ИЗЛЕЗОТ ОД ВАТАША НА ЈУГ, ДО МОСТОТ „БЕЛКА“ КАЈ БУЛЕВАРОТ „ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ“ НА СЕВЕР.
СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПЕТТАТА ФАЗА ОД ИЗГРАДБАТА НА КЕЈОТ-ШЕТАЛИШТЕ, ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ ЌЕ РЕГУЛИРА ТРИ КИЛОМЕТРИ ОД КОРИТОТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.БАБУНА. ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛ. БАБУНА ВО ДОЛЖИНА ОД 180МЕТРИ, СО ПРОФИЛ Ф315 - ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И 100 МЕТРА, СО ПРОФИЛ Ф315 -АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА.
СО ОВОЈ ПОТЕГ СЕ РЕШИ ДОЛГОГОДИШНИОТ ПРОБЛЕМ СО ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ. БАБУНА КОЈА МИНУВАШЕ НИЗ ПРИВАТНИ ДВОРОВИ, А ВОЕДНО И СО АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ КОИ ЧЕСТО ПРИЧИНУВААТ ШТЕТИ НА ГРАЃАНИТЕ КОИ ЖИВЕАТ НА ТАА УЛИЦА.
ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА РАБОТИТЕ РОВОТ ЌЕ БИДЕ ВРАТЕН ВО ПРВОБИТНА СОСТОЈБА.
ИНВЕСТИТОР И ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ



ОПШТИНАТА, ПРЕКУ ЈП „КОМУНАЛЕЦ“ ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО, ЗАПОЧНА СО АКЦИЈАТА ЗА ЕСЕНСКО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ.
ЗАСАДЕНИ СЕ ЉУБИЧИЦИ ВО ЖАРДИНЕРИТЕ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД.
СПОРЕД ПРОЕКТОТ ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ НА ШЕСТ ЛОКАЦИИ ЌЕ БИДАТ ПОСАДЕНИ ВКУПНО 5.000 КОРЕНИ ОД ОВА УКРАСНО РАСТЕНИЕ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ПРОДОЛЖИ СО АСФАЛТИРАЊЕ НА НОВИОТ ПРОБИЕН ДЕЛ НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР НА ПОТЕГОТ ОД РАЗДЕЛУВАЊЕТО ДО СПОЈОТ СО УЛ. „ЃОРЕ БРУШАНСКИ“ КАЈ „КАВАДАРЕЧКИ ДОЛ“.

ВО ОВАА КАМПАЊА СЕ РАБОТИ НА ДОАСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛОВИТЕ КАДЕ УЛИЦАТА СЕ ДЕЛИ НА ДВА КРАКА. ПРЕТХОДНО ОПШТИНАТА НА ОВАА ДЕЛНИЦА ЈА РЕКОНСТРУИРАШЕ СТАРАТА ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА (ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА). СЕ ПОСАТАВИЈА И ЦЕЛОСНО НОВИ ЛИНИИ, ПО ШТО СЛЕДЕШЕ АСФАЛТИРАЊЕ.

УРБАНИЗАЦИЈАТА СЕ ЗАОКРУЖИ СО ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ЛИНИЈА ОД СИСТЕМОТ НА ЈАВНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ВИСОКИ МЕТАЛНИ СТОЛБОВИ СО ЕКОЛОШКИ И ШТЕДЛИВИ ЛЕД СВЕТИЛКИ.



ВО ТЕК Е АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С.СОПОТ.
БЕА АСФАЛТИРАНИ 800 МЕТРИ КВАДРАТНИ, А ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА НЕКОЛКУ УЛИЦИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА„ПЕР ИНЖИНЕРИНГ“ ПОСТАВИ ЖЕЛЕЗНА АРМАТУРА ЗА ОФОРМУВАЊЕ НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ.„БОРО ВАТАШКИ“.
ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНАТА Е ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА СПОРЕД КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ИЗГРАДИ АРМИРАНО БЕТОНСКИ ПОТПОРЕН ЅИД СО ВИСИНА ОД 3,5 И ДОЛЖИНА ОД 15 МЕТРИ. ЅИДОТ ТРЕБА ДА ГО СТАБИЛИЗИРА ЗЕМЈИШТЕТО НА ДЕЛ ОД УЛИЦАТА, И ДА ГИ ЗАШТИТИ ОКОЛНИТЕ ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ. ИЗГРАДБАТА НА ЅИДОТ Е НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ТОЈ ДЕЛ НА СЕЛОТО ВАТАША.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДЕНОВИВЕ ПРЕКУ АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА НА ФИРМАТА„АС МАШИНИ“ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ОД КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ.
ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА ИЗГРАДБА НА ТРОТОАРИ НА УЛИЦИТЕ„ВИШЕШНИЦА“ И„ЃОРЃИ СУГАРЕВ“.
СЕ РАБОТЕШЕ НА НИВЕЛИРАЊЕ, ТАМПОНИРАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА РАБНИЦИ НА ДЕЛ ОД ТРОТОАРОТ НА УЛ. “ВИШЕШШНИЦА“ НА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО СПОЈОТ СО УЛ.„ДЕШКА ТОШЕВА“.
ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ ЌЕ СЛЕДИ ПОПЛОЧУВАЊЕ СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНФОРМАТИЧКИОТ ОДДЕЛ НА ОПШТИНА КАВАДРЦИ ГИ СТАВИЈА ВО ФУНКЦИЈА ВИДЕО ПАНЕЛИТЕ НА ТРИТЕ ПОРТАЛИ НА ВЛЕЗОВИТЕ ВО ГРАДОТ. СПОРЕД ПРОЕКТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НА ВИДЕО ЕКРАНИТЕ ЌЕ СЕ ИСПИШУВААТ СЕРВИСНИ ИНФОРМАЦИИ ОД КОРИСТ НА ВОЗАЧИТЕ, А ИСТИТЕ ЌЕ БИДАТ УПРАВУВАНИ И УРЕДУВАНИ ДЕЛЕЧИНСКИ ОД КОНТРОЛНАТА СОБА НА ПОВИКУВАЧКИОТ ЦЕНТАР ВО ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА.




СЕ РАБОТИ ЗА МЕТАЛНА КОНСТРУКЦИЈА СО ШИРОЧИНА ОД 11 МЕТРИ ВО ОСНОВАТА И 10 МЕТРИ ВО ГОРНИОТ ДЕЛ КОЈ Е ВИСОК 5 МЕТРИ. НА ГОРНИОТ ДЕЛ ОД ДВЕТЕ СТРАНИ СЕ ПОСТАВЕНИ ВИДЕО ПАНЕЛИ ДОЛГИ ОСУМ А ВИСОКИ ЕДЕН МЕТАР. ВТОРАТА „ПОРТА" Е МОНТИРАНА НА ЛОКАЦИЈА ПОД ПОРАНЕШЕН „ЈУГОКОМЕРЦ" НА ВЛЕЗОТ ОД ПРАВЕЦОТ НА ПРИЛЕП.
ТРЕТАТА ПОРТА Е НА ЛОКАЦИЈАТА КАЈ „ВЕЛКОМ ТРЕЈД" НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-РОСОМАН.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО ОСВОИ ВТОРОТО МЕСТО НА КОНКУРСОТ ЗА „НАЈЕКО" ОПШТИНА, ШТО ГО РАСПИШАА „ПАКОМАК" И ШПАРКАСЕ БАНКА.
ПРВОТО МЕСТО ГО ОСВОИ ОПШТИНАТА БЕРОВО, А НА ТРЕТОТО СПОРЕД КРИТЕРИУМИТЕ НА ЖИРИТО СЕ ПЛАСИРАШЕ ОПШТИНАТА ВЕЛЕС. НАГРАДАТА ЗА КАВАДАРЦИ СЕ СОСТОЕШЕ ОД РЕКВИЗИТИ ЗА ДЕТСКИ ЗАБАВЕН ПАРК. ДЕНЕС ШЕСТЕ ЛУЛАШКИ И ЧЕТИРИТЕ КЛАЦКАЛКИ БЕА ПОСТАВЕНИ НА ЛОКАЦИЈА НА УЛИЦАТА „БРАЌА ЦУНОВИ" ВО „КАДРОВО МААЛО".



ЦЕЛТА НА КОНКУРСОТ БЕШЕ ДА СЕ ПОТТИКНАТ СВЕСТА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПО ОДГОВОРЕН ОДНОС КОН ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КАКО И ДА СЕ МОТИВИРААТ ОПШТИНИТЕ ЗА ПОГОЛЕМИ ВЛОЖУВАЊА ВО ЕКОЛОГИЈАТА.

# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

ВО ГИМНАЗИЈАТА ДОБРИ ДАСКАЛОВ ВО ТЕК СЕ ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ.
СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА САНИТАРНИТЕ ЈАЗЛИ КАКО И ДОГРАДБА НА ДВЕ УЧИЛНИЦИ И ДОГРАДБА НА САНИТАРНИ ЈАЗЛИ. ОВОЈ ПРОЕКТ Е СО ФИНАНСИСКА ВРЕДНОСТ ОД 5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ.



ОБЈЕКТОТ НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ЅВОНЧИЦА" ВО С.ВОЗАРЦИ ДЕНОВИВЕ ДОБИ ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАН ПОКРИВ. ОПШТИНАТА ГИ ОБЕЗБЕДИ СРЕДСТВАТА ПРЕКУ ЈАВНИОТ ПОВИК ОД ВЛАДАТА.
СО ОВИЕ ПАРИ СЕ ИЗВРШИ ДЕМОНТАЖА НА СТАРИТЕ ЛЕСОНИТНИ ТАБЛИ, А НА НИВНО МЕСТО Е ПОСТАВЕН ПЛАСТИФИЦИРАН ЛИМ НА ПОВРШИНА ОД 270 КВАДРАТНИ МЕТРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ БЕШЕ ФИРМАТА „МЗТ-ИНЖИНЕРИНГ" ОД БИТОЛА.
ГРАДИНКАТА ВО ВОЗАРЦИ ИМА КАПАЦИТЕТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА 25 ДО 30 ДЕЦА. НА ПОВРШИНА ОД ОСУМДЕСЕТТИНА КВАДРАТНИ МЕТРИ РАСПОЛАГА СО ЗАНИМАЛНА, ПРОСТОРИЈА ЗА ПЕРСОНАЛОТ, ЧАЈНА КУЈНА И САНИТАРЕН ЈАЗОЛ.
ОВОЈ ПРОЕКТ ОПШТИНАТА ГО РЕАЛИЗИРА НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ВОЗАРЦИ. СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРЕАДАПТАЦИЈА НА ПОРАНЕШНИОТ ОБЈЕКТ НА АМБУЛАНТАТА, КОЈ СЕГА СО РЕКОНСТРУКЦИЈАТА Е ДВОНАМЕНСКИ.
СО ПРЕАДАПТАЦИЈАТА ОПШТИНАТА ОБЕЗБЕДИ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИТЕЛИТЕ ВО ЗГРИЖУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНАТА ВОЗРАСТ.

ОБЈЕКТОТ КОЈ БЕШЕ ПРЕДАДЕН ВО УПОТРЕБА МИНАТАТА ГОДИНА УШТЕ ПОВЕЌЕ ГО ПОДИГНА И ОНАКА ДОБРИОТ СТАНДАР НА ЖИВЕЕЊЕ ВО ОВАА УРБАНА СРЕДИНА.



# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

ВО СКЛОП НА ООУ "ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ"- КАВАДАРЦИ РАБОТИ ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ СО СЕДИШТЕ ВО С.БЕГНИШТЕ. ИСТОТО ЗА ВРЕМЕ НА ЗИМСКИОТ ПЕРИОД КОРИСТЕШЕ СТАРИ ЌУМБИЊА НА ДРВА КОИ СЕ НАБАВЕНИ УШТЕ ОД ОТВАРАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО. СЕГА Е НАПРАВЕНА ПРОМЕНА НА НАЧИНОТ НА ГРЕЕЊЕ ОДНОСНО СТАРИТЕ ДОТРАЕНИ ЌУМБИЊА НА ДРВА СЕ ЗАМЕНЕТИ СО СИСТЕМ ЗА ПАРНО ГРЕЕЊЕ ОДНОСНО РАДИЈАТОРСКО ТОПЛОВОДНО ГРЕЕЊЕ И КОТЕЛ КОЈ РАБОТИ КОМБИНИРАНО СО ДРВА И ПЕЛЕТИ. СО ОВА СЕ ПОДОБРЕНИ УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА ВО ПОДРАЧНОТО УЧИЛИШТЕ ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ. ПРОЕКТОТ Е СО ВРЕДНОСТ ОД 471 701 ДЕНАР.



БЕНЕФИТОТ ОД НОВИОТ НАЧИН НА ГРЕЕЊЕ,ОДНОСНО ЗАМЕНА НА ГРЕЕЊЕТО НА ДРВА СО СТАРИ ШПОРЕТИ, ВО ПП.С.МАРЕНА, Е ГОЛЕМ. НАЧИНОТ НА ГРЕЕЊЕ, НАМЕСТО СО ДРВА Е ЗАМЕНЕТ СО БИО ГОРИВО (ПЕЛЕТИ)И КОМБИНИРАНО ГРЕЕЊЕ.

ОВОЈ НАЧИН НА ГРЕЕЊЕ ПРЕТСТАВУВА ДАЛЕКУ ПОЕКОЛОШКА АЛТЕРНАТИВА ВО КОРИСТ НА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ, А И ЗА ГРАДОТ. НА ОВОЈ НАЧИН, ВО УЧИЛИШТЕТО СЕ ОЧЕКУВА ВО ГОЛЕМА МЕРКА ДА СЕ НАМАЛАТ ТРОШОЦИТЕ ВО ОДНОС НА ЗАГРЕВАЊЕТО ВО ПРОСТОРИИТЕ И УЧИЛНИЦИТЕ, А ПАРАЛЕЛНО СО ТОА И ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА НАСТАВА НА УЧЕНИЦИТЕ.

КАКО ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОМЕНАТА НА ГРЕЕЊЕТО Е АНГАЖИРАНАТА ФИРМАТА „ПЕР –ИНЖЕНЕРИНГ„А СРЕДСТВАТА СЕ ОД БУЏЕТОТ НА ООУ„СТРАШО ПИНЏУР„КАВАДАРЦИ.



# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

УСПЕШНО Е РЕАЛИЗИРАНА УШТЕ ЕДНА ФАЗА ОД РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ЗГРАДАТА НА СРЕДНОТО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" ОД КАВАДАРЦИ.

ВО ПРИСУСТВО НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД АГЕНЦИЈАТА НА САД ЗА МЕЃУНАРОДЕН РАЗВОЈ (УСАИД), ОД ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ, КАКО И ОД ИЗВЕДУВАЧОТ И НАДЗОРОТ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ, БЕШЕ ИЗВРШЕН ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ НА РЕКОНСТРУИРАНИОТ ПОД ВО УЧИЛИШТЕТО. СПОРЕД ПРОЕКТОТ ИЗВРШЕНА Е ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАРИОТ И ОШТЕТЕН ПОД НА ТРИТЕ НИВОА ВО ОБЈЕКТОТ СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 700 МЕТРИ КВАДРАТНИ., КАДЕ СЕ ПОСТАВЕНИ НОВИ ПЛОЧКИ.

ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЈА ОБЕЗБЕДИА УСАИД ВО ИЗНОС ОД 998.480 ДЕНАРИ И ОПШТИНАТА СО СОПСТВЕНО УЧЕСТВО ОД 562.000 ДЕНАРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ БЕШЕ ФИРМАТА „АНОЛ ИМПЕКС" ОД СКОПЈЕ.

ПРОЕКТОТ НА УСАИД ЗА „МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО" ВО КОЈ Е ВКЛУЧЕНА И ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ВО СРЕДНОТО ОПШТИНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ", А СЕ ОДНЕСУВА НА ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ПОДОВИ И ПРОЗОРЦИ.





Во ООУ„ Страшо Пинџур„ Кавадарци од страна на ангажираната фирма за товарен патен транспорт„ Јами„Дооел, во вид на донација, се изврши уривање на постоечката барака како би се ослободил простор за изградба на новата спортската сала. Со започнувањето на градење на оваа спортска сала образованието во Кавадарци целосно го решава проблемот со спортски сали во училиштата.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО СПРОВЕДУВА ПОД-ПРОЕКТОТ„ НАБАВКА НА АСИСТИВНА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ", КОЈ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ„ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ", А СЕ СПРОВЕДУВА ОД СТРАНА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ВО СКОПЈЕ. ВО РАМКИТЕ НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ПРЕДВИДЕНО ДА СЕ НАБАВИ АСИСТИВНА ТЕХНОЛОГИЈА НАМЕНЕТА ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ, КОЈА ШТО ЌЕ ИМ ПОМОГНЕ ДА ГИ НАДМИНАТ (МЕТОДОЛОШКИТЕ)НЕДОСТАТОЦИ ПРИ УЧЕЊЕТО ВО УЧИЛНИЦАТА, СО ШТО ЌЕ ИМ СЕ ОВОЗМОЖИ НА ОВИЕ УЧЕНИЦИ ДА РАБОТАТ СО СВОИТЕ СИЛНИ СТРАНИ И ЗАЧУВАНИ КАПАЦИТЕТИ, А ЌЕ СЕ МИНИМИЗИРААТ НИВНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ. ПРОЕКТОТ Е ВО ЗАВРШНА ФАЗА, И СЕ ОЧЕКУВА ДА ЗАВРШИ КОН КРАЈОТ НА МЕСЕЦ НОЕВМРИ 2020 ГОДИНА.

АСИСТИВНАТА ТЕХНОЛОГИЈА Е НАМЕНЕТА ЗА ООУ„СТРАШО ПИНЏУР„ КАВАДАРЦИ, ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПОСЕБНИТЕ ПАРАЛЕЛКИ ВО КОИ СЕ РЕАЛИЗИРА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС НА УЧЕНИЦИ СО РАЗВОЈНИ ПРОБЛЕМИ И ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ.










Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**